ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи за 2019 година, заедно со ревизија на усогласеност за Сметка на основен буџет (603)

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања, а рефлектираните активности и трансакции се во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби:**
- пописот на средствата и обврските не е изготвен согласно законските одредби;
- софтверите и лиценците за користење на софтвери не се евидентирани на сметката за нематеријални средства и
- не се води евиденција за набавката и трошењето на канцелариски и други материјали.

**Издадено мислење*:**
Изразивме мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2019 година и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**
- извршување на попис согласно законските и подзаконските акти со што ќе се обезбеди усогласување на сметководствената со фактичката состојба;
- евидентирање на нематеријалните средства (софтвери и лиценци)
- преземање активности за воспоставување на сметководствена евиденција на извршените набавки и издавање на материјали.

**Клучни системски слабости:**

-Формирање на Национален совет за високо образование и научно истражувачка дејност заради следење на развојот и унапредување на квалитетот во високото образование,
- остварувањето на плата и надоместоци од плата, врз основа на интерен акт на високообразовна институција и
- донесување акти на ниво на Служба на Универзитетот.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
На Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, во дадениот рок од страна на одговорното лице на субјектот предмет на ревизија не се дадени забелешки.

**Одговор на добиени забелешки**:
/.

*** позитивно, со резерва, неповолно, воздржување**

ул. Јордан Мијалков, Палата „Емануел Чучков“, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov“, Rr. „Jordan Mijallkov“, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Jordan Mijalkov St. Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262, www.dzr.mk, dzr@dzr.gov.mk